**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 ч. на ден 28.08.2019 г. до 08:30 часот на ден 29.08.2019 г.**

Дел. Бр. 14-10/240
29.08.2019 година


Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk


**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Пожари*

**РЦУК – Струмица,** известува дека пожарот во **општина Радовиш,** на **планината Готен,** во реонот на **селата Покрајчево** и **Злеово** е **активен.** Во текот на денот интервенирале **ТППЕ Радовиш** со 5 пожарникари со 1 теренско возило, **ШС „Плачковица“ – Радовиш** со 20 вработени, како и хеликоптер на **АРСМ** кој интервенирал од 09:00 до 11:00 часот, и во попладневните часови во 16:30 часот.

Доставени се барања до **АРСМ** и **ДЗС** за ангажирање на воздухоплови на ден **29.08.2019 година**, а на терен ќе интервенираат 30 лица од **ШС Плачковица – Радовиш** и 8 пожарникари од **ТППЕ Радовиш.** Во интервенцијата ќе се приклучат и лица од шумските стопанства од соседните општини.

**РЦУК – Велес**, известува дека од 13:15 часот има пожар во атарот на **с.Ораовец** со кој е зафатена површина со деградирана дабова шума и смрека. Во текот на денот интервенирале два армиски хеликоптери, **ТППЕ Велес** со 15 пожарникари и 3 ПП возила и 18 вработени во **ШС Бабуна – Велес** и **ЕЛС Чашка.** Делот од пожарот кон селото е ставен под контрола.

Од утринските часови повторно ќе интервенираат екипите на ТППЕ и ШС.

**РЦУК – Битола,** известува дека од 14:00 часот има пожар кај **м.в.Чуки, с.Брник, општина Новаци** со кој е зафатена сува трева и дабова шума. Интервенирале вработени во **ШС Кајмакчалан – Битола,** по што пожарот е изгаснат во овој дел, но дел од истиот е префрлен во атарот на **с.Ивени.**

Во текот на денешниот ден повторно ќе интервенираат вработени во **ШС Кајмакчалан – Битола.**

*1.2. Останати пожари*

**РЦУК – Скопје,** известува дека **БППЗ на град Скопје** во текот на изминатото денонокќе ги имале следните интервенции: Од 20:30 до 02:55 часот, 9 пожарникари со 3 ПП возила гаснеле запалени штали на површина од 400 м$^2$ во **с.Орланци** (опш.Арачиново); Од 01:45 до 03:35 часот, 11 пожарникари со 6 ПП возила гаснеле запалени бараки на површина од 250 м$^2$ на **ул.Лазар Димитров бб** (опш.Кисела Вода).

Имале и две помали интервенции поради запалена сува трева и депонија и поради стрниште.

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Битола,** во која се наведува дека во текот на денот интервенирале на два пожари и тоа од 12:25 до 20:00 часот, 11 пожарникари со 4 ПП возила, гасенеле запалена сува трева и стрниште покрај патот на **селата Лисолај** и **Лопатица;** и Од 13:15 до 16:00 часот, 2 пожарникари со 1 ПП возило гаснеле запалена сува трева во **с.Црнеец.**

**ТППЕ Прилеп** имала една помала интервенција поради запалена сува трева во **населбата Жабино маало.**

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ТППЕ Охрид** имала една интервенција поради запалено патничко возило.

**РЦУК – Штип,** известува дека **ТППЕ Штип** имала една помала интервенција поради запалена сува трева кај **с.Таринци,** додека **ТППЕ Кочани** имала две помали интервенции и тоа поради запалена трска и сува трева кај **с.Уларци** и поради запалени гуми кај **м.в.Полатски Пат.**

**РЦУК – Куманово,** известува дека **ТППЕ Старо Нагоричане,** на ден **27.08.2019 година,** од 22:30 до 23:45 часот, гаснеле запалена сува трева во **с.Облавци.**

**РЦУК – Тетово,** известува дека **ТППЕ Тетово** имала една помала интервенција, додека **ТППЕ Гостивар** имала еве помали интервенции.

## 2. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

*2.1 Водоснабдување*

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Стандард Дебар** во која се наведува дека од 13:00 до 16:00 часот во градот Дебар има рестрикции во водоснабдувањето.

***2.2. Електроснабдување***

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЕВН Македонија** во која се наведува дека поради интервенција во трафостаница Ѓорче Петров, од 18:35 часот, без напојување со електрична енергија се корисниците од **селата Раовиќ** и **Паничари** (опш.Сарај).

***2.3. Производство на електрична енергија***

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** е во застој, додекна **ТЕ – 2** работел со снага од 175 MW, додека **ТЕ – 3** работел со снага од 210 MW.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 21.300 квч електрична енергија.

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово“** во која се наведува дека **ХЕЦ „Вруток“** произвела 1.706.000 квч, **ХЕЦ „Равен“** произвела 209.000 квч и **ХЕЦ Врбен** произвела 4.700 квч електрична енергија.

***2.4. Нарушување на сообраќајот***

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:00** часот на ден **29.08.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен. На граничните премини, од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

Забраните за движење на тешки товарни возила, на државните патишта и на магистралниот пат, Скопје – Охрид – Скопје се на сила до 01.09.2019 година и истите важат за време на викендите во одредени временски интервали.

**АМСМ** известува и дека на неколку места низ државата се изведуваат градежни работи на пат, каде е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски железници,** во која се наведува дека поради високите температури, во периодот од 12:00 до 19:00 часот, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/час.**

**РЦУК – Куманово,** известува дека во **општина Крива Паланка,** поради рехабилитација на регионалниот патен правец **с.Луке – с.Киселица,** од 09:00 до 16:00 часот истиот е забранет за сообраќај.

## 3. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА

### *3.1 Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза*

Од **УХМР** известуваат дека денес времето ќе биде сончево и топло со мала до умерена облачност и со слаб до умерен ветер од североисточен правец. Минималната температура ќе се движи од 10 до 18, а максималната од 30 до 38 степени.

Потоа следува период на стабилно, сончево и топло време со мала до умерена облачност. Ќе дува слаб до умерен североисточен ветер, кој од недела ќе го промени правецот во југоисточен. Дневната температура ќе биде во постепено благо опаѓање.

### *3.2. Институт за трасфузиологија*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија** во која се наведува дека на ден **29.08.2019 година** планирани е крводарителна акција со жителите на **Кочани.**

### *3.3. Минирања*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од „**Рудници Бањани**" во која се наведува дека до крајот на месец **АВГУСТ,** во работните денови, на нивниот каменолом ќе извршат по **две** минирања и тоа во периодите помеѓу 09:00 – 10:00 часот и помеѓу 13:00 – 14:00 часот.

На ден **29.08.2019 година,** на **каменоломот „Говрлево",** сопственост на цементарницата „Усје" – Скопје, ќе се изврши минирање во временски интервал од 11:00 до 15:00 часот.

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Северна Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.240 од 28/29.08.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/240 од 28.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Вонредна информација од РЦУК Битола бр.16-3/240/2 од 28.08.2019; Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/519 од 28.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/289 од 28.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Велес бр.16-01/240 од 28.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Штип бр.16-3/239 од 28.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/336 од 28.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Тетово бр.17-261 од 28.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Временска прогноза и Информација од УХМР од 28.08.2019; Известувања од АМСМ од 28.08 и 29.08.2019.

**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**Подготвил:** Дејан Јаков
**Прегледал:** Петре Наков

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**
   **Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
   **Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
   **Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
    **Кабинет на Министерот**
    **Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
    **Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива